YU ISSN 0350-6452

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНИЈА

10-11

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

YU ISSN 0350-6452

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Списанието се печати со средства на Републичката заедница на културата и Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ

Печати Граф. завод „Гоце Делчев", Скопје, Тираж 1 000 примероци

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ГОД. VII БР. 10—11, 1983—1984

СПИСАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ОД СРМ, СКОПЈЕ

LES ARTS PLASTIQUES

Année VII № 10—11, 1983—1984

REVUE DE L'ASSOCIATION DES HISTORIENS D'ART DE LA RÉPUBLIQUE SOCIALISTE DE MACÉDOINE, SKOPJE

Редакциски одбор:
Проф. Димче Коцо, академик
Д-р Константин Петров
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Д-р Борис Петковски
Д-р Антоние Николовски
Загорка Расолковска-Николовска
| Трајан Витларски |
Јасмина Чокревска-Филип
Жарко Този

Одговорен уредник
Д-р Петар Миљковиќ-Пепек
Секретар
Загорка Расолковска-Николовска
Технички уредник
Жарко Този
Јазична редакција
Евтим Манев
Превод на француски
Анка Џурѓинова

Comité de rédaction:
Prof. Dimçe Koco, académicien
D-r Konstantin Petrov
D-r Petar Miljković-Pepek
D-r Boris Petkovski
D-r OAntonie Nikolovski
Zagorka Rasolkovska-Nikolovska
| Trajan Vitlarski |
Jasmina Čokrevska-Filip
Žarko Tozi

Rédacteur en chef
D-r Petar Miljković-Pepek
Secrétaire
Zagorka Rasolkoska-Nikolovska
Présentation graphique
Žarko Tozi
Correction des textes
Eftim Manev
traduction en français
Anka Djurčinova

Адреса: Музеј на Македонија, Скопје

adresse: Musées de Macédoine, Skopje

ДРУШТВО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА НА СРМ — СКОПЈЕ

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 10–11

(1983–1984)

Скопје — Skopje
1985

СОДРЖИНА ЗА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ 10—11

**СТУДИИ, РАСПРАВИ И ПРИЛОЗИ**
**ETUDES, TRAITES, CONTRIBUTIONS**


КОНСТАНТИН ПЕТРОВ, Нови форми на авторските сигнатури од XIII век во нашата земја II дел од прегледот — — — — — — — — 7
KONSTANTIN PETROV — Nouvelles formes de signatures dans les monuments du XIII$^{e}$ siècle en Macédoine — — — — — — — 7
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, За тематиката на живописот на црквата во с. Речица — Охридско — — — — — — — — — — — — — — 19
CVETAN GROZDANOV — Sur les scènes bibliques de la peinture murale de l'église de Rečica, près d'Ohrid — — — — — — — — — 19
ПЕТАР МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК — ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Пештерскиот храм Воведение кај Канео во Охрид — — — — — — — — — 25
PETAR MILJKOVIĆ-PEPEK — GOCE ANGELIČIN — L'église — caverne „Présentation au temple", située dans Kanéo, à Ohrid — — — — 25
ГОЦЕ АНГЕЛИЧИН, Прилог кон проучувањето на Охридскиот иконопис од XVII и XVIII век — — — — — — — — — — — — — 37
GOCE ANGELIČIN — Une contribution à l'étude des icônes du XVII$^{e}$ et XVIII$^{e}$ siècles — — — — — — — — — — — — — — 37
РАДМИЛА МОМИДИЌ, Прилог кон проучувањето на сакралните објекти во македонија („Шути манастир" св. Тома с. Вардина с. Мургашево) 51
RADMILA MOMIDIĆ — Apport à l'étude des monuments sacrés en Macédoine (le monastère „Saint-Thomas" dit „Šuti manastir" des villages Vardino et Murgaševo) — — — — — — — — — — — 51
ЛИДИЈА КУМБАРАЏИ-БОГОЕВИЌ, Кебир Мехмед џамија во Скопје — — 55
LIDIJA KUMBARADŽI-BOGOEVIĆ — La mosquée Kebir Mehmed Čelebi à Skopje — — — — — — — — — — — — — — — — 55
БОРИС ЧИПАН, Огласи на градителското наследство во современата македонска архитектура — — — — — — — — — — — — — 65
BORIS ČIPAN — Les échos de l'héritage architectonique dans la construction moderne en Macédoine — — — — — — — — — — — — 65
ТРПА РОГАНОВИЌ, Делата на македонските ликовни уметници во збирката на Етнолошкиот музеј на Македонија — — — — — — — 75
TRPA ROGANOVIQ — Les oeuvres des peintres macédoniens présentées dans la collection du Musée ethnologique de Macédoine — — — — 75
ЛИЛЈАНА ХРИСТОВА, Експрсионистичките тенденции во ликовното творештво на Борислав Траиковски — — — — — — — — — — 81
LILJANA HRISTOVA — Les tendances expressionnistes dans l'oeuvre picturale de Borislav Traïkovski — — — — — — — — — — 81
ЗЛАТКО ТЕОДОСИЕВСКИ, Прилог кон проучувањето на творештвото на Димитар Пандилов Аврамовски — — — — — — — — — — 91
ZLATKO TEODOSIEVSKI — Contribution à l'étude de la peinture de Dimitar Pandilov-Avramovski — — — — — — — — — — — — 91
БОРИС ПЕТКОВСК, За творештвото на Родољуб Анастасов меѓу 1972—1984 99
BORIS PETKOVSKI — Sur la nouvelle peinture de Rodoljub Anastasov 99


**КРИТИЧКИ ОСВРТИ, ЕСЕИ**
**NOTES CRITIQUES, ESSAIS**


СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Ars Erotica — — — — — — — — — 107
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Ars erotica — — — — — — — — 107
СОЊА АБАЏИЕВА-ДИМИТРОВА, Цртежот на скулптурата во просторот (за најновиот скулпторски опус на Петар Хаџи Бошков) — — — — — 127
SONJA ABADŽIEVA-DIMITROVA — Le dessin de la sculpture dans l'espace (sur le nouvel opus du sculpteur Petar Hadôi Boškov) — — 127
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Споменичкиот комплекс „Макдониум" во Крушево — — — — — — — — — — — — — — — — 131
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le complexe de monuments „Makedonium" à Kruševo — — — — — — — — — — — — — — — — — 131
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Фигурацијата на Владимир Георгиевски — 141
VLADIMIR VELIČKOVSKI — La figuration de Vladimir Georgievski — — 141
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Мејл-артот на Плавевски и Грчев — — — 145
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Le mail-art de Plavevski et de Grçev — — 145
ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, Пластичните интервенции на Симон Узуновски 149
VLADIMIR VELIČKOVSKI — Les interventions plastiques de Simon Uzunovski — — — — — — — — — — — — — — — — — — 149

ЗЛАТКО ТОДОРОВСКИ, Уметноста како акција, интервенција, хепенинг (кон уметничките акции во рамките на изложбата: „Нови појави во македонската ликовна уметност во последната деценија") — — — — 151
ZLATKO TEODOSIEVSKI — L'art en tant qu'action, intervention, happeinig (sur les actions artistiques dans le cadre l'exposition: Nouveaux aspects des arts plastiques en Macédoine au cours de la dernière décénnie. — 151

**КРИТИКИ И ПРИЛОЗИ**
**CRITIQUES, CONTRIBUTIONS**

| ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ, | Студија „Велјуса" од Петар Миљковиќ — висок дострел во научната и конзерваторска дејност во СРМ — — — — 157
| TRAJAN VITLARSKI | —La monographie „Veljussa" de Petar Miljković, une haute réalisation de la science et de l'art de la restauration en Macédoine. — — — — — — — — — — — — — — 157
ЗАГОРКА НИКОЛОВСКА, Цветан Грозданов, „Охридското ѕидно сликарство од XIV век" — — — — — — — — — — — — — — — — 163
ZAGORKA NIKOLOVSKA — Cvetan Grozdanov „La peinture murale d'Ohrid au XIV[e] siècle", Ohrid, 1980 — — — — — — — — — 163
АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ, Борис Петковски: „Никола Мартиноски" (Култура, Скопје, 1982) — — — — — — — — — — — — — — 167
ANTANIE NIKOLOVSKI — Boris Petkovski „Nikola Martinovski" (Kultura, Skopje, 1982) — — — — — — — — — — — — 167
ВИКТОРИЈА ВАСЕВА-ДИМЕСКА, Наградата „Нерешки мајстори" — 1983 171
VIKTORIJA VASEVA-DIMESKA — Sur le prix „Les Maîtres de Nerezi" — 1983 — — — — — — — — — — — — — — 171
БОРИС ПЕТКОВСКИ, Значаен научен труд — — — — — — — — — — 177
BORIS PETKOVSKI — L'oeuvre renommé scientifique — — — — — 177

**ХРОНИКИ**
**CHRONIQUES**

ЗАХАРИНКА АЛЕКСОВА-БАЧЕВА, Хронологија на настани од областа на македонските современи ликовни и применети уметности (јануари-декември 1982) — — — — — — — — — — — — — — — 179
ZAHARINKA ALEKSOSKA-BAČEVA — Chronologie des évènemants du domaine des arts modernes, plastiques et appliqués en Macédoine, de janvier à décembre 1982 — — — — — — — — — — — 179
ДУШАН АВРАМОВСКИ, Ликовни манифестации во СР Македонија — — 193
DUŠAN AVRAMOVSKI — Les manifestations des arts plastiques en Macédoine — — — — — — — — — — — — — — — — 193
АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ, Преглед на одбранети докторски дисертации и дипломски работи на ННСГ за Историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје до 31. XII 1984 година — 201
ALEKSANDAR ILIEVSKI — Tableau chronologique des thèses de doctorat et de diplôme soutenues à NNSG d'histoire de l'art et d'archéologie, de la Faculté de philosophie à Skopje, jusqu'au 31 décembre 1984) — 201

**БИБЛИОГРАФИЈА**
**BIBLIOGRAPHIE**

НЕВЕНКА ЛАЗЕСКА, Библиографии во единцијата Современо Македонско ликовно творештво — — — — — — — — — — — — — — 209
NEVENKA LAZESKA — Les bibliographies dans l'édition des arts plastiques modernes en Macéedoine — — — — — — — — — — — 209

**ПРОМОЦИИ НА КНИГИ**
**PROMOTIONS DES LIVRES**

ХРИСТО АНДОНОВСКИ-ПОЛЈАНСКИ Промоција на книгата Акта Велуса 217
HRISTO ANDONOV-POLJAŃSKI, Promotion du livre intitulé Acta Veljusa 217

**IN MEMORIAM**

БОРИС ПЕТКОВСКИ, Лазар Трифуновиќ (1929—1983) — — — — — — — 221
BORIS PETKOVSKI — Lazar Trifunović (1929—1983) — — — — — — — 221
ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ, Трајан Витларски (1948—1984) — — — — — — — 225
CVETAN GROZDANOV, Trajan Vitlarski (1948—1984) — — — — — — — 225

*БОРИС ПЕТКОВСКИ*

## ЛАЗАР ТРИФУНОВИЌ (*1929—1983*)

Со овој текст сакам да изразам почит спрема сеќавањето за Лазар Трифуновиќ, блескав научник, теоретичар, ликовен критичар и педагог; човек што е почитуван, сакан и ценет за време на животот, чиишто дела и напишан збор се делотворни и силно присутни и по неговата толку прерана смрт. Смрт со која српската и југословенската историја на уметноста загуби една од своите највпечатливи личности.

Неодоливо се наметнува сознанието дека животот и дејствувањето на Лазар Трифуновиќ беа целосно усогласени и судбоносно зависни. Тој страсно и жестоко се однесуваше спрема сите факти на својот живот; бескомпромисно се определуваме за она што требаше да се сака или мрази. За она што треба да се брани без дилеми, зашто така се постигнува согласност со сопствениот етички кодекс.

Така Лазар Трифуновиќ се однесуваше и спрема сите аспекти на својот позив. Го извршуваше со целосен ангажман на својата личност и со убедување дека крајниот резултат на неговото професионално дејствување мора да биде, пред сè, заснован врз истите оние непоколебливи принципи со кои се раководеше и во секојдневниот живот. Кон тоа се надоврзува длабоката вера во возвишената човечка смисла и значење содржани во уметничките дела — и поради тоа и убеденоста во неопходноста на уметноста, така што да може воопшто да се оствари полна форма на човековото живеење.

На тој начин упорното трагање по смислата на уметноста кај Лазар Трифуновиќ речиси се идентификуваше со траењето по смислата на животот. Поради тоа му беше неприфатлива идејата за „смртта на уметноста", сметајќи дека како неумолив учесник во човековото суштествување претставува моќно средство човекот секогаш „одново да го распознава и потврдува животот на кој е осуден".

Во таа смисла треба да се разгледува целокупното творештво на Лазар Трифуновиќ. Извонредно плоден и авторитетен ликовен критичар, теоретичар и научник, Трифуновиќ објави голем број статии, расправи, студии и книги: „Галерија на европските мајстори", (1963), „Српската ликовна критика" (1967), „Српското сликарство 1900—1950

(1973), „Петар Убавкиќ" (1973), „Ѓура Јакшиќ, поет и сликар" (1978), „Српската цртачко-сликарска школа во Белград" (1978), „Стварноста и митот" во сликарството на Милан Коњовиќ" (1978). „Уметничките споменици во Југославија" (на германски јазик, 1980), „Од импресионизмот до енформел" (1982), награда за есеистика „Исидора Секулиќ" (1983), „Сликарските правци на XX век" (1982), монографски текст за сликарството на Миќа Поповиќ (1983) итн.

Причината за настанувањето на сите овие и многу други дела на Лазар Трифуновиќ е секогаш една и иста: таа ангажирана духовна љубопитност на авторот, кој со години — како историчар на уметноста и нејзин критичар, како есеист со широка култура и систематски негувана ерудиција — се занимаваше со нашата и странската уметност, во успешен напор да ги изрази своите ставови спрема некои од најкарактеристичните феномени и клучни проблеми на нејзиното динамично сфатено постоење.

Низ своето посебно толкување на материјата со која се занимаваше и низ начинот на нејзината интерпретација, Трифуновиќ ја демонстрираше способноста од личен агол да согледа и со свој јазик да соопшти нешто ново, или нешто битно, за проблемите на теоријата на современата естетика на ликовниот израз. Во богатството од теми и проблеми со кои се занимаваше авторот во своите трудови — земајќи го како почетна точка кој било од непосредните поводи (а тоа богатство сведочи за широкиот спектар на неговата интелектуална љубопитност), го распознаваме, меѓутоа, секогаш истиот, зачуван и кристален стил на писателот, кој, во еден природен спој, ја изградуваше својата култура на духот и на окото. Без сомнение, во тие настојувања имаше најмногу проверка на моќта на еден јазик, испитување на неговата способност да ја досегне суштината на јазик од друг вид.

Притоа, како критичар и есеист со исклучителна чувствителност, Трифуновиќ во сите околности и во сите случаи водеше грижа за зададениот културно-историски контекст, целосно свртен кон она што е битно за современо разбирање на сложената слика за светот. Застапувајќи се често со жестоко полемички пристап за своите ставови, Трифуновиќ го сфати уметничкото дело како највиш облик на слободата, кон што се надоврзуваше и неговото страсно неприфаќање на лагата, на површниот и неодговорен однос спрема уметноста. Поради тоа, како педагог, на генерации свои студенти им ја всадуваше мислата дека во историјата на уметноста незаобиколна предност треба да има уметноста. Зашто и самиот тој, да повториме, како вистински научник, го откриваше ликовното дело со мисловност што се темели врз науката за уметноста и врз неговото големо знаење. Така Трифуновиќ им укажуваше на своите помлади колеги дека сликата и скулптурата треба да се откриваат пред сè тргнувајќи од самата суштина на уметноста, од нејзините — за човекот — неспоредливи антрополошки, хуманистички и естетски вредности.

Ќе наспомнам само некои дела во кои на најизразит начин се содржани овие одлики во целокупното творештво на Лазар Трифуновиќ. Така, обликувајќи го на впечатлив начин својот придонес кон модерната српска уметност, Трифуновиќ одбра мошне специфичен пристап кон проучувањето на српското сликарство меѓу 1900 и 1950 го-

дина. Методолошки, тој пристап се огледува, пред сѐ, во непосредно насочување на научното проучување на „феноменолошката реконструкција на визуелните појави“, преку нив да се продре во битието на уметничкото дело и тоа да се сфати како естетичко-пластична редукција на содржината во дадената стилска епоха. Тоа му овозможи на Лазар Трифуновиќ во оваа своја книга максимално да ги елиминира априорните схеми во оцената на движењата и одликите на тој период од српското сликарство и степенот на неговото вклучување во историските движења на југословенската култура преку своите иманентни уметнички вредности. Поради тоа оваа книга за српското сликарство стана еден од темелните модели за научна обработка на поновата историја на целокупната југословенска уметност.

Во книгата „Од импресионизмот до енформелот“, во голем број есеи, Трифуновиќ има спроведено брилјатна рефлексија за српската уметност и за уметниците. Лесно се распознава во нив ставот на авторот што добро сфатил многубројни подрачја на уметноста, ги следи нивните преплетувања и заемни влијанија. Со конкретни примери ја проверува логиката на историјата на уметноста, подготвувајќи нејзина уште подлабока и посилна синтеза.

„Сликарските правци на XX век“ е дело исполнето со посилна полемичност, зашто Трифуновиќ тука бил принуден да се служи со типолошки определби преку кои настојувал да ја претстави сложеноста на збиднувањата во последниве стотина години. Сложеноста на материјата што била во прашање авторот ја има совладано со исклучителна ерудиција и познавање и со грижливо теоретско нијансирање на сите релевантни прашања од естетски, социолошки и филозофски карактер. Во ситуација кога кај нас се ретки книгите од областа на ликовната уметност, добивме едно вредно дело од Лазар Трифуновиќ, со мошне широко зрачење.

Дозволете ми посебно да укажам на поврзаноста на Лазар Трифуновиќ со Скопје и со Македонија, поврзаност што датира уште пред земјотресот од 1963 година. Неговата дејност во нашата средина беше мошне разновидна. Трифуновиќ повеќепати доаѓаше во Македонија; следејќи го нејзиниот ликовен живот, одржа неколку предавања во Скопје, а познати се и неговите текстови за македонската уметност и за нејзините творци. Потоа, следуваше соработка меѓу Трифуновиќ и Музејот на современата уметност во Скопје, со посебен придонес при поставувањето на првата изложба на оваа установа во 1970 година, а во која работат и некои негови некогашни студенти. Неколку историчари на уметноста од Македонија имаа среќа Трифуновиќ да им беде ментор при подготвувањето на докторските и посдипломските тези, при што сите можевме да ја почувствуваме неговата сесрдна и неограничена помош. Последново не значи дека не беше строг и бескомпромисен критичар на сѐ она што му изгледаше непроучено и недовршено во работата на оние со кои соработуваше. Повеќе години тој мошне успешно го раководеше Интернационалното студио за пластика во дрво што работи секое лето во Прилеп.

Така, простувајќи се од Лазар Трифуновиќ, од една крупна личност на целокупната југословенска култура, се сеќаваме за еден драг, ценет и незаменлив пријател.

